СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ВИНИЦА

ГОДИНА LXII Бр. 12	Виница 31 Септември 2025г.	ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

266

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“ - Виница за учебната 2024/2025 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“- Виница за учебната 2024/2025 година, донесен на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-921/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02 и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“ - Виница за учебната 2024/2025 година

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“ - Виница за учебната 2024/2025 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-921
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

267

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за повлекување на 2-та, 3-та, 21-та и 22-та точка од Дневен ред

1.Се објавува Заклучокот за повлекување на 2-та точка од Дневниот ред: Барање од ООУ „Гоце Делчев“-Виница Согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од законски утврдениот број во прво одделение за учебната 2025/2026 година,
3-та точка од Дневниот ред: Барање од ООУ „Никола Парапунов“- с.Драгобраште, општина Виница Согласност за формирање на паралелки со

помал број ученици од законски утврдениот број во прво одделение за учебната 2025/2026 година,
21-та точка од Дневниот ред Барање од ООУ „Славчо Стојменски“-Виница Согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од законски утврдениот број во прво одделение за учебната 2025/2026 година и
22-та точка од Дневниот ред Барање од ООУ „Кочо Рацин“-с.Блатец, општина Виница Согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од законски утврдениот број во прво одделение за учебната 2025/2026 година, донесен на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-922/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За повлекување на 2-та, 3-та, 21-та и 22-та точка од Дневен ред

1.2-та точка од Дневниот ред: Барање од ООУ „Гоце Делчев“-Виница Согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од законски утврдениот број во прво одделение за учебната 2025/2026 година,
3-та точка од Дневниот ред: Барање од ООУ „Никола Парапунов“- с.Драгобраште, општина Виница Согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од законски утврдениот број во прво одделение за учебната 2025/2026 година,
21-та точка од Дневниот ред Барање од ООУ „Славчо Стојменски“-Виница Согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од законски утврдениот број во прво одделение за учебната 2025/2026 година и
22-та точка од Дневниот ред Барање од ООУ „Кочо Рацин“-с.Блатец, општина Виница Согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од законски утврдениот број во прво одделение за учебната 2025/2026 година;
се повлекуваат од Дневниот ред на 47-та седница на Советот.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-922
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

268

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница за учебната 2024/2025 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница за учебната 2024/2025 година, донесен на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-923/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02 и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на

општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ „Ванчо Прке“- Виница за учебната 2024/2025 година

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ „Ванчо Прке“- Виница за учебната 2024/2025 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-923
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____

269

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Ванчо Прке“- Виница за учебната 2025/2026 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Ванчо Прке“- Виница за учебната 2025/2026 година, донесен на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-924/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ Ванчо Прке - Виница за учебната 2025/2026 година

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на СОУ „Ванчо Прке“ - Виница за учебната 2025/2026 година.
2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-924
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____

270

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница

1.Се објавува Одлуката за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-925/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 20-б став 1 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018“ и Службен весник на Р.С.Македонија број 143/2019, 14/2020“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница

Член 1
Се дава Согласност на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница, број 01-654 од 29.08.2025 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-925
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

271

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за повлекување на 7-та точка од Дневен ред

1.Се објавува Заклучокот за повлекување на 7-та точка од Дневниот ред: Барање Согласност на Извештај за финансиско работење на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за период од 01.01. до 30.06.2025 година, донесен на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-926/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За повлекување на 7-та точка од Дневен ред

1.7-та точка од Дневниот ред: Барање Согласност на Извештај за финансиско работење на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за период од 01.01. до 30.06.2025 година,
се повлекува од Дневниот ред на 47-та седница на Советот, поради неприсуство на претставник.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-926
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

272

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница

1.Се објавува Одлуката за продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-927/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ број 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016, 71/2016 и 31/2020“), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 03-1126/1 од 15.09.2025 година, Наш број 09-894 од 15.09.2025 година, Советот на општина Виница на 47-та седница оддржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница

Член 1
Поради одржување на фестивалот на пивото „Парк Пивофест“ 10-ти по ред, работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница и Парк кафе, со адреса ул.„Маршал Тито“ број 105, на ден 17.10.2025 година (петок) спрема 18.10.2025 година (сабота) и ден 18.10.2025 година (сабота) спрема 19.10.2025 година (недела), се продолжува за два часа покасно односно до 03:00 часот по полноќ.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-927
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

273

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за распределба на средства за корисници на правото на гарантирана минимална помош на територијата на општина Виница, за временски период од 01.01.2025 година до 31.07.2025 година

1.Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за распределба на средства за корисници на правото на гарантирана минимална помош на територијата на општина Виница, за временски период од 01.01.2025 година до 31.07.2025 година, донесен на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-928/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За разгледување на Информација за распределба на средства за корисници на правото на гарантирана минимална помош на територијата на општина Виница, за временски период од 01.01.2025 година до 31.07.2025 година

1.Советот на општина Виница ја разгледа Информацијата за распределба на средства за корисници на правото на гарантирана минимална помош на територијата на општина Виница, за временски период од 01.01.2025 година до 31.07.2025 година, која се исплаќа преку ЈУ Центар за социјална работа Виница.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-928
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
274

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за склучени бракови за 2024 година

1.Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за склучени бракови за 2024 година, донесен на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-929/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За разгледување на Информација за склучени бракови за 2024 година

1.Советот на општина Виница ја разгледа Информацијата за склучени бракови за 2024 година на територијата на општина Виница, изготвена од Управа за водење на матичните книги, Подрачна канцеларија - Виница.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-929
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____
275

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за усвојување на Барање од Управа за водење на матичните книги, Подрачна канцеларија - Виница

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Барање од Управа за водење на матичните книги, Подрачна канцеларија - Виница, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-930/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-880/2 од 15.09.2025 година, Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Барање од Управа за водење на матичните книги, Подрачна канцеларија - Виница

Член 1

Се усвојува Барањето од Управа за водење на матичните книги, Подрачна канцеларија - Виница, за привремено укинување на утврдената такса во износ од 1.000,00 денари, што идните брачни другари ја плаќаат во единицата на Локалната самоуправа - Виница за користење на Свечена сала при склучување на брак.

Утврдената такса нема да се плаќа се до опремување на просторија која ќе ги исполнува елементарните услови за склучување брак.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-930
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

276

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Истибања и с.Лаки

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Истибања и с.Лаки, донесен на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-931/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Истибања и с.Лаки

1.Се усвојува Извештајот за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Истибања и с.Лаки.

2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-931
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

277

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичка планска документација на К.П.бр.4474/1 К.О.Лаки, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичка планска документација, на К.П.бр. 4474/1 И.Л.бр.602, К.О.Лаки, Виница, а по Барање од Ванчо Коцев од с.Лаки, Виница, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-932/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичка планска документација на К.П.бр.4474/1 К.О.Лаки, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа (зграда 1), со намена А1-1, на К.П.бр.4474/1 И.Л.бр.602, К.О.Лаки, на земјиште во сопственост на Ванчо Коцев, изграден во опфат без урбанистичка планска документација на с.Лаки, Виница, а по Барање од Ванчо Коцев од с.Лаки, Виница, заведено под број УП1 бр.11-652 од 31.03.2016 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-932
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

278

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичка планска документација на К.П.бр.4195 К.О.Лаки, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичка планска документација, на К.П.бр. 4195 И.Л.бр.447, К.О.Лаки, Виница, а по Барање од Оливера Иванова од Виница, со стан на ул.„Никола Карев“ бр.4-16, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-933/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број

174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичка планска документација на К.П.бр.4195 К.О.Лаки, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект зграда за времен престој (зграда 1) - викенд куќа со намена А4-3, на К.П.бр.4195 И.Л.бр.447, К.О.Лаки, на земјиште во сопственост на Оливера Иванова, изграден во опфат без урбанистичка планска документација на с.Лаки, Виница, а по Барање од Оливера Иванова од Виница со стан на ул.„Никола Карев“ бр.4-16, заведено под број УП1 бр.09-562 од 27.07.2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-933
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

279

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на основни училишта и Општинска Јавна установа за деца - детска градинка на подрачјето на општина Виница

1.Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на основни училишта и Општинска Јавна установа за деца - детска градинка на подрачјето на општина Виница, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-934/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа, („Службен весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Службен гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019 и 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За примање и давање на трајно користење на движни ствари на основни училишта и Општинска Јавна установа за деца - детска градинка на подрачјето на општина Виница

Член 1

Со оваа одлука Општина Виница од Владата на Република Северна Македонија прима на трајно користење без надомест движни ствари, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница, бр.50-6003/44 од 11.07.2025 година („Службен весник на РСМ број 142/2025“) и склучен Договор за уредување на правата и обврските за престанок и давање на движни ствари на трајно користење бр.55-7000/1 од 16.07.2025 година и наш број 10-725 од 17.07.2025 година, и тоа:

Ред. број	Назив на движните ствари	Опис на движните ствари	Количина /парче
1.	Прочистувач на воздух	Производител: MANN+HUMMEL Модел:OURAIR SQ 2500 Инвентарен број:250200	1
2.	Прочистувач на воздух	Производител: MANN+HUMMEL Модел:OURAIR SQ 2500 Инвентарен број:250201	1
3.	Прочистувач на воздух	Производител: MANN+HUMMEL Модел:OURAIR SQ 1750 Инвентарен број:250216	1
4.	Прочистувач на воздух	Производител: MANN+HUMMEL Модел:OURAIR SQ 1750 Инвентарен број:250217	1

Член 2

Општина Виница движните ствари од член 1 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на:

(1) **За ОЈУДГ „Гоце Делчев“ - општина Виница**

-Објект „Нова градинка“ - 1 (еден) прочистувач со инвентарен број: 250216;
-Објект „Стара градинка“ - 1 (еден) прочистувач со инвентарен број: 250217;

(2) За ООУ „Гоце Делчев“ - општина Виница :

-1 (еден) прочистувач со инвентарен број: 250200;

(3) За ООУ „Славчо Стојменски“ - општина Виница :

-1 (еден) прочистувач со инвентарен број: 250201;

Член 3

Се задолжуваат ОЈУДГ „Гоце Делчев“ - општина Виница, ООУ „Гоце Делчев“ - општина Виница и ООУ „Славчо Стојменски“ - општина Виница по уреден прием на движните ствари, истите да ги воведат во својата финансиско-материјалната и сметководствена евиденција.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Виница“.

Број 09-934
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

280

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.203 К.О.Истибања, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација, на К.П.бр. 203 И.Л.бр.408, К.О.Истибања, Виница, а по Барање од Ангел Николов од Кочани, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-935/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“),

Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.203 К.О.Истибања, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа (зграда 1) со намена А1, на К.П.бр.203 И.Л.бр.408, К.О.Истибања, со адреса м.в. „Село“, изграден во опфат без важечка планска документација на с.Истибања, Виница, а по Барање од Ангел Николов од Кочани, заведено под број УП1 бр.09-2370 од 01.09.2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-935
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____

281

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.203 К.О.Истибања, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација, на К.П.бр. 203 И.Л.бр.408, К.О.Истибања, Виница, а по Барање од Ристо Николов од с.Истибања, Виница, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-936/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.203 К.О.Истибања, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа (зграда 2) со намена А1, на К.П.бр.203 И.Л.бр.408, К.О.Истибања, со адреса м.в. „Село“, изграден во опфат без важечка планска документација на с.Истибања, Виница, а по Барање од Ристо Николов од с.Истибања, Виница, заведено под број УП1 бр.09-2359 од 01.09.2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-936
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски_ _____

282

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.204/2, К.П.бр.65/1 и К.П.бр.4234 К.О.Истибања, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација, на К.П.бр. 204/2 И.Л.бр.1692, К.П.бр.65/1 И.Л.бр.459 и К.П.бр.4234 И.Л.бр.461 К.О.Истибања, Виница, а по Барање од Јаким Илиев од с.Истибања, Виница, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-937/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА

За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.204/2, К.П.бр.65/1 и К.П.бр.4234 К.О.Истибања, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа (зграда 1 и 3) со намена А1 и Помошни објекти (зграда 4 и 5), на К.П.бр.204/2 И.Л.бр.1692, К.П.бр.65/1 И.Л.бр.459 и К.П.бр.4234 И.Л.бр.461, К.О.Истибања, со адреса м.в. „Село“, изграден во опфат без важечка планска документација на с.Истибања, Виница, а по Барање од Јаким Илиев од с.Истибања, Виница, заведено под број УП1 бр.09-1120 од 17.08.2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-937
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

283

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.310/1 и К.П.бр.311 К.О.Истибања, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација, на К.П.бр. 310/1 И.Л.бр.6 и К.П.бр.311 И.Л.бр.2103 К.О.Истибања, Виница, а по Барање од Виктор Анакиев од с.Истибања, Виница, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-938/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.310/1 и К.П.бр.311 К.О.Истибања, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа - доградба (зграда 1) со намена А1, на К.П.бр.310/1 И.Л.бр.6 и К.П.бр.311 И.Л.бр.2103, К.О.Истибања, со адреса м.в. „Село“, изграден во опфат без важечка планска документација на с.Истибања, Виница, а по Барање од Виктор Анакиев од с.Истибања, Виница, заведено под број УП1 бр.11-285 од 05.02.2016 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-938
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден надвор од опфат на планска документација на К.П.бр.2671 и К.П.бр.2672 К.О.Виничка Кршла, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден надвор од опфат на планска документација, на К.П.бр. 2671 и К.П.бр.2672 И.Л.бр.320, К.О.Виничка Кршла, Виница, на земјиште во сопственост на Ѓорѓиевска Јорданка и Петкова Светлана, а по Барање од Светлана Петкова од Виница, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 30.09.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-939/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден надвор од опфат на планска документација на К.П.бр.2671 и К.П.бр.2672 К.О.Виничка Кршла, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект зграда за времен престој (зграда 1)-Викенд куќа, со намена А4-3 и Помошен објект (зграда 2) со намена А5-3, на К.П.бр.2671 и К.П.бр.2672 И.Л.бр.320, К.О.Виничка Кршла, на земјиште во сопственост на Ѓорѓиевска Јорданка и Петкова Светлана, со адреса м.в.„Коколов рид“, изградени надвор од опфат на планска документација на с.Виничка Кршла, Виница, а по Барање од Светлана Петкова од Виница, со стан на ул.„Моша Пијаде“ бр.12, заведено под број УП1 бр.11-97 од 30.12.2015 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-939
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

284

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за усвојување на Барање од ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, општина Виница за доделување личен асистент

1.Се објавува Одлуката за усвојување на Барање од ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, општина Виница за доделување личен асистент, донесена на 47-та седница на Советот на општина Виница одржана на 30.09.2025 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-940/2
30.09.2025 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл. геодет.инг Миле Петков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 03-264 од 15.09.2025 година, Наш број 09-899 од 16.09.2025 година, Советот на општина Виница на 47-та седница одржана на ден 30.09.2025 година, донесе:

ОДЛУКА
За усвојување на Барање од ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, општина Виница за доделување личен асистент

Член 1

Се усвојува Барањето од ООУ „Никола Парапунов“-с.Драгобраште, општина Виница за доделување односно обезбедување личен асистент на лице со попреченост.

Член 2

Согласно доставениот Наод и мислење за функционална проценка од Стручно тело за функционална проценка - Штип, на лицето Сара Весна Постолова со адреса на живеење во с.Пекљани, општина Виница, општина Виница ќе обезбеди личен асистент на именованото лице со попреченост поради обезбедување на посебни лични и образовни потреби како и индивидуална помош и поддршка на лицето со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи полесно функционирање и непречено одвивање на наставата и образовниот процес.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-940
30.09.2025 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.геолог Ацо Ѓорѓиевски

285

Содржина

1.....Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ООУ „Гоце Делчев“- Виница за учебната 2024/2025 година.
Решение за објавување.
2.....Заклучок за повлекување на 2-та, 3-та, 21-та и 22-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
3.....Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на СОУ „Ванчо Прке“- Виница за учебната 2024/2025 година.
Решение за објавување.
3.....Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Ванчо Прке“- Виница за учебната 2025/2026 година.
Решение за објавување.
4.....Заклучок за давање Согласност на Годишен план за вработување за 2026 година на ЈП за комунални работи „Солидарност“- Виница.
Решение за објавување.
4.....Заклучок за повлекување на 7-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
5.....Одлука за продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк – Виница.
Решение за објавување.
6.....Заклучок за разгледување на Информација за распределба на средства за корисници на правото на гарантирана минимална помош на територијата на општина Виница, за временски период од 01.01.2025 година до 31.07.2025 година.
Решение за објавување.
6.....Заклучок за разгледување на Информација за склучени бракови за 2024 година.
Решение за објавување.
7.....Одлука за усвојување на Барање од Управа за водење на матичните книги, Подрачна канцеларија – Виница.
Решение за објавување.
7.....Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Истбања и с.Лаки.
Решение за објавување.
8.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичко планска документацоја на КП бр. 4474/1 КО Лаки, Виница.
Решение за објавување.
9.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичко планска документацоја на КП бр. 4195 КО Лаки, Виница.
Решение за објавување.
9.....Одлука за примање и давање на трајно користење движни ствари на основни училипшта и Општинска Јавна установа за деца детска градинка на подрачјето на општина Виница.
Решение за објавување.
11.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичко планска документацоја на КП бр. 203 КО Истибања, Виница.
Решение за објавување.
11.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичко планска документацоја на КП бр. 203 КО Истибања, Виница.
Решение за објавување.
12.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичко планска документацоја на КП бр. 203, КП бр.65/1 и КП бр.4234 КО Истибања, Виница.
Решение за објавување.
13.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичко планска документацоја на КП бр. 310/1 и КП бр.311 КО Истибања, Виница.
Решение за објавување.
14.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без урбанистичко планска документацоја на КП бр. 2671 и КП бр.2672 КО Виничка Кршла, Виница.
Решение за објавување.
14.....Одлука за усвојување на Барање од ООУ „Никола Парапунов“-с. Драгобраште, општина Виница за доделување личен асистент.
Решение за објавување.